**20250821802**

# МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ

Врз основа на член 28 став 3 од Законот за туристичката дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/04, 89/08, 12/09, 17/11, 47/11, 53/11, 123/12, 164/13, 27/14, 116/15, 192/15, 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20 и 16/25), министерот за култура и туризам, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА ТУРИСТИЧКИ АГЕНЦИИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на туристички агенции.

Член 2

Регистарот на туристички агенции (во натамошниот текст: Регистарот) се води во форма на книга со тврди корици со димензии 430 x 300 мм со поврзани и нумерирани страници. Книгата е со сиви корици и на предната страна има натпис со букви со златна боја „Регистар на туристички агенции“. Книгата во која се води Регистарот се оверува на внатрешната насловна страница со печат и потпис на одговорното лице од Министерството за култура и туризам.

Формата и содржината на Регистарот се дадени во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

На една страница од Регистарот треба да се впишуваат податоци само за едно правно лице. По пополнувањето на страницата на Регистарот се отвара нова страница на која се означува страницата на Регистарот од која е извршен преносот како и бројот на новата страница на Регистарот.

Регистарот се води рачно и електронски.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на туристички агенции („Службен весник на Република Македонија“ бр. 116/06).

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 69-3070/5
22 април 2025 година
Скопје

Министер за култура
и туризам,
**Зоран Љутков**, с.р.

Прилог

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ

# Регистар на туристички агенции

| Реден број | Барање за добивање на лиценца - подносител (уп.бр. и датум) | Издавање на лиценца | | | | Решение за одбивање (уп.бр. и датум) | Промена на содржината на лиценцата | | Престанок на важење на лиценцата | | Потпис на одговорното лице од Министерството за култура и туризам што извршило впишување во Регистарот |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вид на лиценца | Носител на лиценца (уп.бр.и датум) | Фирма на туристичка агенција | Адреса на туристичка агенција | | Барање за промена-подносител (уп.бр. и датум) | Променетата лиценца (уп.бр. и датум) | Барање за престанок - подносител (уп.бр. и датум) | Решение за престанок (уп.бр. и датум) | |
| | | | | | | | | | | | |